Кратка биографија
Редовен професор Зденка Стојановска, Проректор за наука

Проф. д-р Зденка Стојановска е родена 1968 година, во Скопје. Додипломските студии по применета физика ги завршува 1993 година на Природно математичкиот факултет при Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. Следствено со вработувањето во Институтот за јавно здравје се упатува на Специјализација по по медицинска нуклеарна физика на Медицинскиот факултет во Скопје, која ја завршува во 2005 година. Во 2007 година магистрира Медицинска физика на Факултетот за физика на Софискиот Универзитет Свети Климент Охридски. Со одбрана на докторската дисертација на Институтот за физика на Природно математичкиот факултет при Универзитетот Свети Кирил и Методиј, во 2010 година се стекна со титула доктор по физички науки.
На Факултетот за медицински науки при универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во 2011 е избрана во звање доцент, во 2015 во звање вонреден професор а од 2020 година е редовен професор.
Активно учествува во наставата на прв, втор и трет циклус студии, како ментор но и како член во повеќе комисии за јавна одбрана. Член е на одборот за специјализации а воедно и ментор на специјализанти. На Факултетот за медицински науки, до 2017 година ја обавува функцијатаа Раководител на Студиската програма по Оптометрија, во период, од 2015 до 2019 година е претседател Одборот за соработка и доверба со јавноста, од 2019 до 2023 година, ја обавува финкцијата Продекан за настава.
Од септември 2022 е назначена за Проректор за наука на Универзитетот „Гоце Делчев",Штип.
Во текот на професионалниот развој има реализирано повеќе стручни и научни средби, обуки и престои од кои би се издвоиле: престојот организиран од Јапонската агенција за интернационална соработка во Јапониа во траење од еден месец во 2004 година како и престоите организирани од Меѓународната агенција за атомска енергија, во траење од три месеци во 2006, Унгарија и Германија во траење од еден месец во 2008 година.
Учесник е во неколку интернационални проекти и раководител на еден национален научен проект во 2020 година. Член е на Здружението за медицинска физика и биомедицински инжињеринг на РМ и во Здружението на физичарите на РМ.
Во склоп на академската кариера, има објавено две скрипти и еден прирачник за вежби а во 2020 година и 1 универзитетски учебник. Членува во научни одбори на меѓународни конференции, рецензеира научни трудови во меѓународни списанија.
Автор/коавтор е на повеќе од 50 трудови, воглавно објавени во интернационални списанија референцирани во Clarivate, SCImago, Ebsco, Open Access базите . Активно учествува на повеќе домашни и интернационални научни собири со предавања и усни или постер соопштенија.